ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 03.04.2013

Почитуван г-Дрејтим Бина,
Почитувани претставници од Министерство за здравство,
Почитувани претставници на МЛД, ЗПЛРМ, ЛК
Почитувани претставници на медиумите,
Почитувани присутни,

Ми претставува задоволство, во име на **Фондот** за здравствено осигурување на Македнија **да ги поддржам напорите за унапредување** на примарната здравствена заштита за осигурениците преку **одбележување на Светскиот ден на здравјето** чија тема годинава е **артериска хипертензија** со порака **“Контролирајте го крвниот притисок”**.



Хипертензијата е болест на современиот човек и е во постојан пораст бројот на заболени. Високиот крвен притисок претставува сериозен здравствен проблем и предизвик на современата медицина, но и на општеството во целост. Исто така, хипертензијата без сомнение е во тесна врска со ризикот за настанување на многу кардиоваскуларни болести и промена на крвните садови на мозокот до појава на најтешките мозочни компликации!

Нејзиното значење е дотолку поголемо, познавајќи го податокот дека иако релативно лесно се дијагностицира, бројот на дијагностицирани пациенти е *“***врв на ледена санта***”*. Поинаку кажано се смета дека 1/2 од болните не знаат дека боледуваат од хипертензија, 1/4 не се лечат воопшто иако знаат за својата состојба додека поразителни 1/8 од пациентите ја регулираат оваа болест соодветно.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Во почетокот нема субјективни потешкотии се додека не се развијат компликации, па оваа болест со право го добива епитетот *„тивок убиец„*. Затоа од голема важност е неговото рано откривање и третман.

Игнорирање или недијагностицирање на болеста со сигурност доведува до несакани здравствени состојби.

Сите ние треба да имаме одговорност кон себе, нашето здравје и нашите семејства и да направиме промени на оние животни навики кои претставуваат ризик фактор за покачување на крвниот притисок. ФЗОМ ги поддржува сите иницијативи и активно се вклучува за подобра информираност на осигурениците и оттаму превентивата е исклучително важна.

Доколку лекарот препише терапија со соодветна употреба на лекови, многу е важно осигурениците да се придржуват до пропишаната терапија и да ја земаат редовно и кога ќе има подобрување на здравствената состојба, да не се прекинува лечењето на своја рака. *Терапија исклучиво ја препишува лекар и не смее да се зема на своја волја ниту да се прекинува без консултација со лекарот.*

Заради тоа е многу важна редовна контрола на крвниот притисок. Треба да се има во предвид дека и многу мала промена во функција на намалување на крвниот притисок, може да даде голема промена во насока на подобрување на здравјето.

**ФЗОМ во соработка со Лекарската комора на Македонија и Здружението на приватни лекари на Македонија и Македонско лекарско друштво договори и воведе новини во договорите за 2013 година за унапредување на примарната здравствена заштита за своите осигуреници. Во новите договори за 2013 година се воведоа превентивни цели за превенција на кардиоваскуларни болести но тука ќе ја споменам и специфичната медицинска едукација на избраните лекари од дејноста општа медицина ќе се овозможи доусовршување на знаењата и запознавање со новините во дијагностиката и третманот на заболувањата, согласно медицината базирана на докази.**

Фондот за здравствено осигурување на Македонија во изминатиот период одржа средби со повеќе граѓански здруженија на пациенти. Целта на средбите беше зајакнување на меѓусебната соработка како и презентирање на планираните активности во 2013 година од страна на здруженијата. Имено сакаме да ги подржиме сите активности кој се однесуваат кон унапредување и подигнување на здравствената состојба на нашите осигуреници. ФЗОМ и ЛКМ и ЗПЛРМ и МЛД имаат долгогодишна интезивна соработка со цел унапредување на квалитетот на здравствените услуги.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Почитувани, Фондот им стои на располагање на здруженијата на граѓани, на коморите, здравствените работници, сите други надлежни институции во државата како и на осигурениците за предлози во насока на превенирање на здравјето на осигурениците.




**Мотото на Фондот е дека сите задно и при ограничени финансиски средства можеме да постигнеме повеќе за нашите осигуреници.**